1467

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ РЕСЕН
Бр.03-99/1.
18.11.1993 год.
РЕСЕН

ДО ТОДОР СИМОВСКИ
С К О П Ј Е
Ул. "Руса Плавева" бр. 6

Претседателството на Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ Ресен, на својата седница ( во проширен состав) одржана на 17.11.1993 година, покрај досегашните согледувања, конечно го постави прашањето : што е направено на планот на реализацијата по Издавачкиот договор склучен на 17.05.1990 година меѓу Вас како Автор за изработка на Монографијата за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски - Овчарот од една страна и Општинскиот одбор на СЗБ НОВ Ресен како издавач - порачател од друга страна ( Бр. 08-59/90).

Како што Ви е познато, рокот за изработувањето на монографијата по цитираниот договор, веќе многу одамна е изминат, проследија и наши писмени (2 ) и усни лични (повеќе ) обраќања, а сеуште го немаме Вашиот конечен одговор. Имено докаде сте стигнале со изготвувањето, односно кога споменатата Монографија ќе бидете спремни да ни ја доставите.

Што се однесува до нашите обврски кон Вас како Автор сметаме дека благовремено се подмирени ( мислиме на алинеата 1 од Договорот.).

Сметаме дека горното ќе го сватите за сериозно и коректно, а одговорот ќе го добиеме најдоцна до 25.11.1993 година.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ НОВ РЕСЕН
Претседател,
Ѓорги Прцуловски

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ РЕСЕН
Бр.03-99/1.
18.11.1993 год.
РЕСЕН

ДО ТОДОР СИМОВСКИ
С К О П Ј Е
Ул. "Руса Плавева" бр. 6

Претседателството на Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ Ресен, на својата седница ( во проширен состав) одржана на 17.11.1993 година, покрај досегашните согледувања, конечно го постави прашањето : што е направено на планот на реализацијата по Издавачкиот договор склучен на 17.05.1990 година меѓу Вас како Автор за изработка на Монографијата за животот и револуционерниот дело на Наум Веслиевски - Овчарот од една страна и Општинскиот одбор на СЗБ НОВ Ресен како издавач - порачател од друга страна ( Бр. 08-59/90).

Како што Ви е познато, рокот за изработувањето на монографијата по цитираниот договор, веќе многу оддамна е изминат, проследија и наши писмени ( 2 ) и усни -лични ( повеќе ) обраќања, а сеуште го немаме Вашиот конечен одговор. Имено до каде сте стигнале со изготвувањето, односно кога спомената монографија ќе бидете спремни да ни ја доставите.

Што се однесува до нашите обврски кон Вас како Автор сметаме дека благовремено се подмирени ( мислиме на алинеата 1 од Договорот.).

Сметаме дека горното ќе го сватите за сериозно и коректно, а одговорот ќе го добиеме најдоцна до 25.11.1993 година.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ НОВ РЕСЕН
Претседател,
Ѓорги Прцуловски

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ РЕСЕН
Бр. 03-4/1
5.2.1993 г
Ресен

ДО

ТОДОР СИМОВСКИ
С К О П Ј Е
Ул." Руса Плавева" бр. 6

По Заклучок од Заедничка седница на Претседателството и Комисијата за хроники, мемоари и други публикации од НОВ на Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен, одржана во ноември 1992 година, претседателите на споменатите органи и тела, и со Вас како автор за изработка на Монографијата за првоборецот и воениот командант Наум Веслиевски - Овчарот - обавија поширок разговор во врска со интензивирањето и приврпувањето со изработката на Монографијата. Притоа, потсетувајќи Ве уште еднаш на веќе претходно договорените обврски и укажувањата со нашиот акт бр. 03-44/1 од 27.5.1992 год.

Во таа прилика, Вие зедовте обврска дека ќе вложите - напори и за кратко време ќе ја подготвите Монографијата и ќе не известите за истото.

Со оглед на тоа дека од тогаш изминаа веќе неколку месеци а сеуште не сме го добиле Вашето известување, Ве молиме веднаш по добивањето на актов да не известите за состојбата со Монографијата, како би можеле да го информираме Претседателството и Комисијата на овој Одбор.

Горното сметајтего за многу итно.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ РЕСЕН
Претседател,
Ѓорги Прцуловски